**Анекс 1 на PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Северна Македонија**

**ДЕФИНИЦИИ**

Дефинициите кои се дел од постојната законска регулатива за територијате на Северна Македонија се наведени во член 12 од Законот за шуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/2015 и 44/2015) и се во примена за одредбите од овој стандард.

Останатите дефиниции се дел од поглавје 3 на меѓународниот стандард на PEFC ST 1003:2018 и се исто така во примена за одредбите од овој стандард.

**3.1. Директно засегната страна**
Засегната страна која веројатно ќе искуси промена во животните/работните услови предизвикани од спроведувањето на стандардот или пак засегната страна која може да е корисник на стандардот и затоа е предмет на барањето на стандардот.

Забелешка 1: директно засегнати страни се и заедниците кои се во соседство на шумскиот ресурс, работници итн. Засегнатитие страни кои имаат интерес во содржината на стандардот (пример научна заедница, граѓанско општество) не претставуваат директно засегната страна.

Забелешка 2: директно засегнати страни се оние кои може да го применат стандардот и да се стекнат со сертификат, како корисник или сопственик на шума или компанија за преработка на дрво во случај со стандардот за следење на ланецот на производство (Chain of custody).

**3.2. Пошумување**
Формирање на нова шума на земјиште кое не е шумско со употреба на семе или садење на садници.

**3.3. Сертифицирано подрачје**
Шумско подрачје во кое се спроведува одржливо стопанисување со шумите според барањата на националниот стандард за стопанисување со шуми PEFC MK 1003:202X, донесен во согласност со PEFC Sustainable Forest Management Standard 1003:2018 и признаен од PEFC Council.

**3.4. Еколошки значајни шумски области**
Шумски области кои
а) Содржат заштитени, ретки, чувствителни и репрезентативни шумски екосистеми;
б) Содржат значајни концентрации на ендемични видови и живеалишта на загрозени видови, препознаени во референтни листи;
в) Содржат загрозени или заштитени in situ ресурси;
г) Содржат глобални, регионални или национално значајни големи пејсажни пространства кои имаат природна дистрибуција и застапеност на видови кои се појавуваат природно.

**3.5. Екосистемски услуги**
Користи кои се добиваат од екосистемот, вклучително услуги за обезбедување како храна, вода, дрво и влакна; услуги на регулација кои влијаат на климата, поплави, болести, отпад и квалитет на

вода; културни услуги кои обезбедуваат рекреација, естетика и духовни вредности и услуги на поддршка како што се формирање на почва, фотосинтеза и циклус на исхрана.

**3.6. Конверзија на шума**
Директно влијание на човекот за промена на шумата во шумска плантажа или друга употреба на земјиштето.

Забелешка: регенерација на шумата преку садење или засејување или иницирано од човекот природно обновување со семе од истите доминантни видови кои биле посечени претходно не се смета за конверзија.

**3.7. Шумска култура**
Шумска култура претставува млада шума до 20 годишна возраст настаната со употреба на семе или садење на садници од шумски видови на дрвја на шумско или друго земјиште.

**3.8. Шумска плантажа**
Шумска плантажа претставува пошумена површина на (шумско или земјоделско) земјиште со шумски видови на дрвја кои се одликуваат со нивната брзорастежност, квалитет и други особини погодни за интензивно одгледување и користење.

**3.9. Фундаментални конвенции на ILO (International Labor Organization)**
Осумте конвенции на ILO (29, 87, 98, 100, 105, 111, 138 and 182) идентификувани како основни во смисол на принципите и правата на работа: слобода за здружување и уважување на правото на колективно договарање; елиминација на сите форми на присилна работа; ефективна забрана за детска работна сила; и елиминација на дискриминацијата на работа и при вработување.

**3.10. Генетски модификувани видови дрвја**
Дрвја во кои генетскиот материјал бил заменет на начин кој не се случува природно преку коминација или природна рекомбинација (да се земе во обзир и легислативата која обезбедува дефиниција за ГМО).

Забелешка 1: следните техники се сметаат за генетска модификација која резултира со генетски модифицирани видови на дрвја (EU Directive 2001/18/EC):

- рекомбинација на јадрената киселина која вклучува нови комбинации на генетскиот материјал преку додавање на молекули од јадрена киселина произведена на било кој начин надвор од организмот, во вирус, плазма на бактерија или друг векторски систем и нивно вградување во домаќинот во кои тие не се јавуваат природно, но се способни за континуирано ширење;
- техники кои вклучуваат директен внес на наследен материјал во домаќинот, припремен надвор од истиот и вклучува микро инјектирање и микро енкаспсулација;
- делба на клетки (вклучително и делба на протоплазма) или техника на хибриди каде што се формирани живи клетки со нови комбинации на наследен материјал преку фузија на две или повеќе клетки со употреба на методи кои не се случуваат во природата;

Забелешка 2: следните техники не се сметаат за генетска модификација според EU Directive 2001/18/EC:

- ин витро оплодување;
- природни процеси како конјугација, трансдукција, трансформација;

- полиподна индукција.

**3.11. Интегрирано управување со штетници**
Внимателно разгледување на сите можни техники на контрола и нивно интегрирање во подобни мерки кои го превенираат развојот на популации на штетниците и го држат нивото на употреба на пестициди и други интервенции на ниво кое е економски оправдано и го редуцира ризикот по здравјето на човекот и штетите по животната средина.

**3.12. Пејсаж**
Социо-еколошки систем кој содржи мозаик на природни и човечки модифицирани екосистеми со карактеристична конфигурација на теренот, вегетацијата, употреба на земјиште и населби под влијание на еколошките, историските и културните процеси и активности во подрачјето.

**3.13. План за управување (менаџмент план)**
Документирана информација која има разработено цели, активности и контролни постапки во однос на управувањето со ресурсите во екосистемот и услугите од него за одреден временски период.

**3.14. Систем за управување (менаџмент систем)**
Сет на поврзани елементи на една организација во поставување на политики, цели и процеси за да се постигнат целите.

**3.15. Управител (менаџер)**
Лице кое издава задачи и ја контролира организацијата.

Забелешка: управител може да биде лице кое ги спроведува своите сопственички права, традиционалните или правата на користење.

**3.16. Природно обновени шуми**
Шуми во кои преовладуваат дрвја кои пораснале по пат на природни процеси на обнова.

**3.17. Не-шумски екосистем**
Земјиште кое не ги исполнува условите од дефиницијата за шума.

**3.18. Недрвни производи од шума**
Недрвни производи од шума се извадок од дефиницијата за други шумски производи (според одредбите од член 12 од Закон за шумите): производи од биолошко и минерално потекло во шума и на шумско земјиште, и тоа: мов и лишаи, папрат, треви, цвеќе, лековити ароматични, јадливи и индустриски растенија, други растенија (од недрвни видови) и нивни делови (корења, кора, листови, плодови, патолошки израстоци, полупаразитски и паразитски растенија), габи, сокови од растенијата, трева за сено од шумски ливади и голини, дивеч и други диви животни кои живеат во шума, тресет и хумус, песок и камен;

**3.19. Организација**
Лице или група на луѓе кои имаат своја функција и одговорности, надредени лица и односи за постигнување на своите цели.

Забелешка 1: поимот организацијата се однесува на сертификацијата по PEFC, при што организацијата е одговорна за усогласеност на стопанисувањето со барањата за одржливо стопанисување со шумите и може да е истовремено одговорна за повеќе организациски (стопански) единици.

Забелешка 2: Управител или сопственик кој може да ја преземе улогата на организација.

**3.20. Други природно обновени шуми**
Шуми во кои се јасно видливи индикаци за човечки активности.

**3.21. Засегната страна**
Лице, група, заедница или организација која има интерес во содржината на стандардот.

**3.22. Тело за стандардизација**
Тело кое има капацитет и е препознаено за спроведување на активности на стандардизација.

Забелешка: тело за стандардизација на систем на сертификација на стопанисување со шуми е тело кое е одговорно за развој и одржување на системот. Телото може да е националното тело за управување (НТУ) со системот по PEFC или посебно тело формирано од НТУ.

**3.23. Примарни шуми**
Природно обновени шуми од домашни видови на дрвја, каде нема јасно видливи индикации за човечки активности и каде еколошките процеси не се значајно нарушени.

**3.24. Дрвја надвор од шумата**
Дрвја кои растат надвор од шумите.

Дефиниции според одредбите од Закон за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/2015 и 44/2015).

## Дефиниции

1. **Биолошка разновидност** е севкупност на живите организми како составен дел на екосистемите, а ја вклучува разновидноста внатре во видовите, меѓу видовите, како и разновидноста на екосистемите. Компоненети на биолошка разновидност се видови на растенија, габи и животни со нивните живеалишта, нивниот генетски материјал и екосистемите;
2. **Генофонд** е целокупното количество на наследен материјал во одредена популација;
3. **Горна граница** (ивица-раб) на шума е линијата која што со верткалната проекција ја формираат крошните на крајните стебла во највисокиот височински појас (зона) на шумата;
4. **Деградирана шума** е шума која во значителна мера го изгубила квалитетот и способноста за прираст заради неповолно влијание на биотски, абиотски и антропогени фактори;
5. **Долна граница** (ивица-раб) на шума е линијата која што со верткалната проекција ја формираат крошните на првите стебла во најнискиот височински појас (зона) на шумата;
6. **Екосистем** е еколошки систем на организација кој претставува комплексно, структурно-функционално единство на живата и неживата природа;

7. **Енклава, односно полуенклава** е земјиште опкружено со земјиште од друг облик на сопственост или земјиште кое подлабоко навлегува во земјиштето на друг сопственик, односно корисник. Под енклава или полуенклава нема да се смета земјиште поголемо од 5 ха;
8. **Етат** е планирано количество дрвна маса за користење според посебните планови за стопанисување со шумите;
**9. Заштита на шумите** е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумата, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, бесправни сечи, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток, желадење, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања;
10. **Интегрирано управување** е управување со просторот и природните. ресурси (шуми, вода, минерални суровини, дивеч, туризам, други шумски производи итн.) од страна на еден субјект;
11. **Копачење на шумите** е отстранување на целата шумска вегетација за пренамена на шумското земјиште;
12. **Корисници на шуми** се правни лица, односно јавните претпријатија и/или стопански субјекти кои со овој или друг закон стекнале право на користење на државните шуми;
13. **Користење на шумите** е сеча на дрвја и производство на шумски дрвни сортименти, користење на отпадот од сеча, други шумски производи (шумски плодови, лековити растенија или нивни делови, печурки, лишаи, мов, семе, смола, камен и друго), промет на дрво и други шумски производи, како и користење на шумите за туризам, лов и рекреација;
14. **Шумскокултурни работи** се сите активности во шума кои се изведуваат со цел за подобрување на состојбите при одгледувањето, заштитата, користењето и планирањето во шумарството, како и шумарските техники и операции кои се неопходни за постигнување на овие цели;
15. **Мониторинг** е систем на постојано следење и анализа на целосната состојба на шумските екосистеми, а особено на нивната виталност, здравствена состојба и биолошка разновидност поради превземање на превентивни мерки и заштита;
16. **Насад** е дел од шума која според видовите на дрва, структурата, начинот и формата на одгледување се разликува од својата околина и бара посебни одгледувачки мерки;
17. **Нега на шумите** опфаќа одгледувачки мерки која се спроведува во шумските насади од моментот на настанување па до времето на обновителна сеча;
18. **Обнова на шума** е процес на настанување/основање на нови млади шуми на местото на постојните шуми по природен пат или вештачки подигнати шуми;
19. **Одгледување на шумите** е одржување, нега, обнова, мелиорација и реконструкција на шуми и шикари, замена на видови дрвја, збогатување на шумите со повредни видови дрвја и пошумување на голини и ерозивни земјишта;
20. **Одржливо стопанисување** подразбира стопанисување и користење на шумите и шумското земјиште на начин и во обем (степен) со кои се одржуваат нивниот биодиверзитет, продуктивноста, способноста за регенерација, виталноста и нивниот потенцијал за исполнување, сега и во иднина, на релевантните еколошки, економски и социјални функции на локално, национално и глобално ниво, односно на начин кој не предизвикува оштетување на други екосистеми;
21. **Подигнување на нови шуми**, во смисла на овој закон, е пошумување на необраснато шумско земјиште, подигнување на насади од одредени дрвни видови и заштитни појаси на нови површини, како и нега на новоподигнатите шуми до првиот проред;
22. **Пасиште** е земјоделско земјиште кое што во најголем обем е обраснато со тревна и зељаста вегетација и првенствено се користи за исхрана на дивеч и напасување на добиток;
23. **Провиниенција** е географско потекло на одреден вид;
24. **Производни функции на шумите** се производството на дрвната маса и другите шумски производи;

25. **Проценка на влијанието на животната средина** е превентивна мерка на заштита на животната средина основана врз изработка на студија спроведена со консултации и со учество на јавноста и анализа на алтернативни мерки со цел да се соберат податоци и да се предвидат одредени штетни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, флората и фауната, земјиштето, водата, воздух, климата и пределот, материјалните и културните добра и заемното влијание на овие причинители, како и утврдување и предлагање на мерки со кои се спречуваат, намалуваат или отстрануваат овие штетни влијанија;
26. **Пустошење на шумите** се работи извршени спротивно на прописите со кои се ослабува производната сила на шумското земјиште со што се доведува во опасност трајноста на шумското производство, одгледувањето на шумите на тоа земјиште или се загрозува опстанокот на шумата и нивните општокорисни функции (сеча во поголем обем која би значела копачење на шумите, пребирна сеча од појак интензитет, подбелување на стеблата, секоја активност која може да предизвика закоравување, измивање/ерозија на земјиштето);
27. **Пожар на отворен простор** е секое неконтролирано горење на шума и шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитет и причина за негово настанување, кој опфаќа и горење на земјоделска површина и пасиште, поблиску од 200 м до работ на шумата.
28. **Шумски пожар** е секое неконтролирано горење на шума, шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитет и причина за негово настанување.
29. **Управување со пожарите** се мерки за заштита од пожари на отворен простор, кои опфаќаат:

1) превентивни мерки наменети за едукација и подигање на јавната свест и се преземаат во текот на целата година;

2) подготвителни мерки кои се преземаат во текот на целата година, пред да настане пожарот, а имаат за цел постигнување на максимална подготвеност на субјектите одговорни за заштитата на шумите да одговорат во случај на настанување на пожар и

3) директни мерки кои се преземаат за време на траењето на пожарот, а за цел го имаат неговото локализирање и гасење.

30. **Управување со опожарена површина** се активности за санација (сечење на опожарените дрвја на пожариштето и нивно отстранување), како и пошумување на опожарена површина, одгледување и заштита на садниците кои ги преземаат субјектите кои управуваат со шумите во наредните две години по гаснењето на пожарот.
31. **Реинтродукција** е повторно внесување на одреден растителен или животински вид во одредено подрачје;
32. **Санитарни сечи** со кои од шумата се отстрануваат оштетените, заболените, сувите стебла со цел спречување на понатамошно ширење на штетното влијание;
33. **Стопанисување со шумите** е планирање, организација, раководење и контрола на сите дејности во шумарството (одгледување, заштита и користење);
34. **Стручно советодавни работи** се давање на стручни совети, давање на упатства и други стручни и образовни услуги од страна на шумарските стручнаци на сопствениците на шумите;
35. **Стручни работи во областа на шумарството** се работи поврзани со извршување на ознаката за сеча и планирање на шумите, заштита и одржување на шумите и биодиверзитетот во шумите, одгледување на шумите, користење на шумите, изградба на шумски комуникации и советувања на сопствениците на шумите;
35-а. **Трајна пренамена на шумско земјиште** е пренамена на шумско земјиште за периодот во кој се вршат работите предвидени во членот 14 на овој закон;
36. **Управување со шумите** е стратешко планирање, организација и извршување на управни работи, мониторинг и надзор во шумарството;
37. **Чиста сеча** означува отстранување на сите или скоро сите дрвја на површината чие растојание на рабовите помеѓу останатиот насад е поголем од две висини на средно стебло од насадот;

38. **Шумарство** е наука, вештина и практика на одржливо стопанисување со шуми и други природни ресурси кои се наоѓат во шума и на шумско земјиште;
39. **Шумска инфраструктура** се објекти во шума, шумски патишта, патеки за привлекување, други дотурни патишта и друга инфраструктура која е наменета за стопанисување со шумите;
40. **Шумска ливада** е шумско земјиште коешто е обраснато со тревна и зелјаста вегетација и првенствено се користи за косење и производство на семе и исхрана на дивеч;
41. **Шумски отпад/отпад после сеча** се делови од стеблото кои остануваат во шума по сеча како неупотребени за понатамошно производство, освен деловите на стеблата и гранките со дијаметар над 7 см кои не претставуваат шумски отпад;
42. **Шумски патишта** се патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите;
43. **Шумски влеки/патишта** за привлекување е секундарна патна мрежа наменета за привлекување на дрвните сортименти при користењето на шумите;
44. **Шумски ред** е состојба во шумата која обезбедува услови за нејзино одржување, обновување и унапредување на шумите, посебно: заштита од пожари, растителни болести и штетници, заштита на земјиштето под шума од настанување и развивање на ерозивни процеси поради сеча или отстранување на дрвата од шума и заштита на подмладокот;
45. **Шумски производи** се сите производи од дрво во шума и на шумско земјиште, вклучувајќи шумски дрвја и грмушки и сите нивни делови, и тоа: биомаса на целата шумска вегетација, репродуктивните органи на сите дрвенести, грмушести и зелјести растенија (цвет, плод, семе), иглици и листови, гранчиња, кора и корења;
45-а. **Други шумски производи** се производи од биолошко и минерално потекло во шума и на шумско земјиште, и тоа: мов и лишаи, папрат, треви, цвеќе, лековити ароматични, јадливи и индустриски растенија, други растенија и нивни делови (корења, кора, листови, плодови, патолошки израстоци, полупаразитски и паразитски растенија), габи, смола, шишарки, сокови од растенијата, листинец, трева за сено од шумски ливади и голини, дивеч и други диви животни кои живеат во шума, тресет и хумус, песок и камен;
46. **Шумски жиг-означувач** е печат за означување на стебла за сеча и посечена дрвна маса-дрвни сортименти;
47. **Шумски сортименти** се видови дрвни производи во шума (огревно дрво, целулозно дрво, ситно техничко дрво и техничко дрво);
48. **Шумскостопанска единица** е дел од шумска област која по правило ја сочинува просторната целина од шума и шумско земјиште, а опфаќа цел шумски комплекс или само еден негов дел и
49. **Шумско земјиште** е земјиште на кое има шума или кое поради своите природни својства е најповолно за одгледување на шума, како и земјиште на кое се наоѓаат објекти наменети за стопанисување со шумите.